Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-339/1
31.08. 20 21 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА ОД КОРУПЦИЈАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2021 ГОДИНА

*Скопје, август 2021 година*

Врз основа на точка 83 од Заклучокот од 50-та седница на Владата на РСМ, в.в. со член 20 став 1 алинеја 11 од Статутот на Државниот испитен центар бр.01-9/1 од 23.11.2009 година, бр.02-34/1 од 14.1.2011 година и бр.01-228/2 од 6.5.2015 година, директорот на Државниот испитен центар, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2021 ГОДИНА

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст ДИЦ) е формиран согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18).

Државниот испитен центар е задолжен за: организирање и спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување на меѓународни тестирања, спроведување на државно тестирање, спроведување на стручен испит за наставниции стручни соработници, оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори на основниучилишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и стручно доусовршување на директорите.

Државниот испитен центар е посветен на одржување високи правни, етички и морални стандарди, почитување на принципите на интегритет, објективност и непристрасност и со својот начин на работа се бори против корупцијата и судирот на интереси.

Сите вработени се подеднакво посветени на преку промовирање на културата на спречување на корупцијата и судирот на интереси да се олесни откривањето на случаите на корупцијата и обезбеди навремено и правилно решавање на таквите случаи.

Имено, поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, неопходно е борба против ова зло да биде постојана обврска на секој граѓанин.

Главната задача на Државниот испитен центар во 2021 година ќе биде навремено препознавање на ризиците од корупција, предлагање соодветни мерки за отстранување на ризиците и санкционирање на сторителите. Раководството на ДИЦ ќе одговори на потребата да изнајде соодветен и ефикасен начин за справување со корупцијата во сопствените редови. ДИЦ долгорочно на превентивен и репресивен начин ќе ги оспособува и ќе ги јакне нормативните, институционалните и личните капацитети за ефикасна практична борба против корупцијата и ќе настојува да воспостави, да развива и да применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција. За реализирање на оваа цел неопходна е поддршка од заедницата и раководниот кадар во ДИЦ кои ќе промовираат висок степен на интегритет и нулта толеранција на корупција, но и од основниот состав што активно ќе ѝ се спротистави на корупцијата.

Антикорупцискиот план на ДИЦ има за цел да воспостави систем на мерки што ќе овозможат спречување на корупцијата и идетификување на причините, на условите и на факторите што ја овозможуваат. Посебен акцент во справување со корупцијата во 2021 година ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените од коишто се очекува

при извршување на задачите за овластувањата да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност и да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста. Обврска на сите вработени е при извршување на работните задачи да постапуваат согласно правилата, прописите и професионалните стандарди што се применуваат во ДИЦ. Потребно е секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување, да манифестира висок степен на интегритет во работењето, да знае да ги препознае облиците на корупција и да поседува способност да ѝ се спротистави на корупцијата. Никој не смее да биде исклучок при утврдување одговорност за коруптивно однесување, како што никој нема мандат да го попречува, да го ограничува или на кој било начин да го разводнува процесот на утврдување на одговорност.

Формите на корупција во ДИЦ се препознаваат преку:

- Постапување или непостапување на вработените во ДИЦ при вршење на службените задачи и овластувања, за што како возврат прибавуваат (бараат) за себе или за друг некаква (или прифаќаат некаква) корист, погодност, интерес за себе или за друг или на друг ќе му нанесат штета;
- Непочитување на стандардните постапки и процедури;
- Злоупотреба на службената положба и овластувања заради директно или индиректно ветена, понудена, дадена, побарана, прифатена или очекувана материјална или нематеријална корист, погодност, предност или друг интерес за себе или за друг.

ДИЦ во 2021 година борбата против корупцијата ќе ја реализира преку превентивен и репресивен пристап со јасна порака дека корупцијата нема да остане несанкционирана. Во рамките на превенцијата ќе се фокусира на намалување на можностите и создавање неповолни услови за извршување коруптивни дела. За ефикасна борба против корупцијата подеднакво се важни политичката волја, нормативните решенија, институционалната рамка, ефикасна примена на законите, институционалниот и личниот капацитет и интегритет, како и соработката меѓу институциите во земјата и на меѓународен план.

## *ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ*

Антикорупциските активности ќе бидат насочени кон унапредување на професионалноста на службениците преку доследно почитување на законската и подзаконската регулатива и санкционирање на сите форми на корупција во ДИЦ.

Имајќи го предвид наведеното, Антикорупциската програма на ДИЦ за 2021 година, особено внимание ќе посвети на:

- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените на ДИЦ;
- Јакнење на интегритетот на вработените во ДИЦ;
- Доследно почитување на Кодексот за административни службеници;
- Превенција од аспект на отстранување на условите што овозможуваат корупција;
- Репресија како алатка за санкционирање на корупцијата и другите злоупотреби на овластувањата.

Во контекст на наведеното, приоритетни цели за 2021 година ќе бидат:

1. Јакнење на интегритетот на вработените во ДИЦ;

2. Почитување на Кодексот за административни службеници;
3. Меѓуинституционална соработка во борбата против корупцијата и криминалот;
4. Спроведување процена на ризик и појава на корупција на работните места;
5. Воведување пропишани процедури за работа на работните процеси во ДИЦ;
6. Професионализација, департизација и деполитизација на вработените;
7. Континуирана и специјализирана обука во ДИЦ;
8. Преземање превентивни активности кон нововработените службеници;
9. Јакнење на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција;
10. Зајакната контрола и надзор на јавните набавки;
11. Зајакнување на меѓународната соработка во борба против корупцијата;
12. Јакнење на принципите на отчетност и транспарентност во работењето на ДИЦ.

*ПОЧИТУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ДИЦ*

Секој службеник е потребно да има висок степен на познавање на Кодексот за административни службеници, во којшто е утврдено дека службениците не смеат да се поставаат во материјална или во друга зависност од граѓаните или органи, не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист и имаат обврска да се спротиставуваат на сите форми на корупција во рамките на ДИЦ.

*ЈАКНЕЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА ДИЦ*

Вработените во ДИЦ при извршување на работните задачи не смеат да го доведат личниот, материјалниот и нематеријалниот интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус да предзивикаат судир на интереси, водејќи се од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност, професионалност, отчетност и транспарентност.

Ќе вршиме внимателна анализа на ризиците и на ситуациите коишто може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените работи, за што навремено ќе преземеме мерки за отстранување на можноста за судир на интереси и корупција.

Поаѓајќи од обврската јавноста да биде информирана за работи и настани од јавен интерес за ДИЦ, преку најразлични комуникациски форми ќе се обезбеди пристап до информации за сите претставници од медиумите и друго заинтерсирани страни, водејќи се од начелото на транспарентност, отчетност и недискриминација.

На веб-страницата на ДИЦ и понатаму ќе се продолжи со практиката да се објавуваат информации, извештаи, работни средби од дневните настани што се поврзани со работата на ДИЦ.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

м-р Елизабета Наумовска